**Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“**
**објавува повик за проектен асистент**

**Опис на слободно работно место:** Проектен асистент

**Место на извршување на работните задачи:** Скопје, Р.Македонија

**Организациона единица:** Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ финансиран од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта

**Работно време:** Секој работен ден, 8 работни часа.

**Период:** Ноември 2016 – Мај 2017

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ објавува повик за проектен асистент во проектот **“Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“** во Скопје, финансиски поддржан од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта. Проектот има цел да ги подобри одржливоста, академските постигнувања и личните капацитети на студентите Роми во Република Македонија.

**<u>Опис на работни задачи:</u>**

• Да одржува деловни работни односи и соодветна електронска, усна, писмена комуникација со проектниот менаџер, локални проектни координатори, финансискиот асистент, целната група на проектот и вклучените човечки ресурси во проектот.

• Да соработува со проектниот менаџер, финансискиот асистент, локалните проектни координатори во Тетово и Штип и со Извршниот одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

• Да спроведува неделни и/или месечни планови за работа, во тесна соработка со проектниот менаџер на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

• Да планира, организира и учествува во имплементација на проектни и други активности, како и да врши нивна документација.

• Да помага во подготвување, дизајнирање, објавување и промовирање на повици и апликации за проектните активности.

• Да помага во подготвување, дизајнирање и ажурирање на дата бази за проектните активности.

• Да документира апликации на кандидатите и да учествува во процесот на разгледување на апликации и селекција на кандидати во рамки на проектот, заедно со другите членови на проектен тим, во согласност со насоките на Извршниот одбор.

• Да спроведува план за мониторинг и евалуација за тековните проектни активности во Скопје во соработка со проектниот менаџер.

• Да помага во пишување на квартални наративни извештаии за реализираните проектни активности во Скопје.

• Да врши и други работи во опсегот на проектот, визијата и мисијата на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

**Услови за пријавуање:**

Кандидатите за проектен асистент треба да ги исполнуваат следните услови:

- да имаат диплома за завршено високо образование од областа на општествените науки или други области дополнети со искуство во соодветната област;
- да имаат стекнато работно искуство во граѓанскиот сектор;
- да имаат стекнато вештини за работа со програмите на Microsoft Office;
- да имаат стекнато вештини за пишување и говорење на Англиски јазик.

**За работното место предност ќе имаат кандидатите кои:**

- имаат работно искуство во проекти поврзани со образованието на Ромите;
- имаат искуство во аналитички операции и способности на известување;
- говорат Ромски јазик.

**Документи и начин на пријавување**

Кандидатите за проектен асистент треба да ги достават следните документи:

- диплома за завршено високо образование;
- кратка биографија;
- писмо за мотивација.

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk, најдоцна до **28 Октомври 2016**.

Само подобните кандидати ќе бидат повикани на интервју.